20262644706

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48-а став 1 точка 5 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), член 131, член 139 став 1 точка 1 и став 2 и член 140 став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25), Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 10.11.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

Во Решението на Извршниот одбор на Република Северна Македонија бр.15-35241/1 од 1.11.2026 година, изменето и дополнето со решенијата бр.15-35241/9 од 4.11.2026 година и бр.15-35241/14 од 6.11.2026 година, со коешто е воведена администрација во „АЛТА банка“ АД Битола, се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во точката 9, по ставот 7 се додаваат два нови става 8 и 9 коишто гласат:

„По исклучок на ставовите 3 и 7 од оваа точка, во целост се дозволуваат одливни трансакции за физички лица во земјата врз основа на нови приливи од сметки отворени кај други даватели на платежни услуги.

По исклучок на ставот 4 од оваа точка, се дозволуваат одливни трансакции за исплата на плата со законските давачки по основ на даноци и придонеси за оние правни лица кои во последните три месеци пред донесувањето на ова решение, во континуитет вршеле исплати на плата од платежната сметка отворена во „АЛТА банка“ АД Битола. Вкупниот износ на плати којшто ќе се исплати од платежната сметка на правното лице во „АЛТА банка“ АД Битола врз основа на овој исклучок не може да биде повисок од 5% од вкупниот месечен износ на плати исплатен во октомври 2026 година.“

2. Во останатиот дел, Решението на Извршниот одбор на Република Северна Македонија бр.15-35241/1 од 1.11.2026 година, изменето и дополнето со решенијата бр.15-35241/9 од 4.11.2026 година и бр.15-35241/14 од 6.11.2026 година е непроменето.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку еден дневен весник.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решението на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија бр.15-35241/1 од 1.11.2026 година, изменето и дополнето со решенијата бр.15-35241/9 од 4.11.2026 година и бр.15-35241/14 од 6.11.2026 година, воведена е администрација во „АЛТА банка“ АД Битола.

Во член 139 став 2 од Законот за банките е определено дека со решението за воведување на администрација во банка се утврдуваат овластувањата на администраторите.

Согласно член 140 став 5 од Законот за банките, на банката во периодот на траење на администрацијата може да ѝ се ограничи давањето на платежни услуги.

Имајќи го предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Решението е конечно.
Против ова решение може да
се поведе управен спор со
поднесување тужба до Управниот суд,
во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Гувернер
и претседавач на Извршниот
одбор Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 15-35241/20
10 ноември 2026 година
Скопје